СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 јули 1997 година

Скопје, јули 1997 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 70 (СЕДУМДЕСЕТТАТА) СЕДНИЦА, НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНО НА 2. ЈУЛИ 1997 ГОДИНА**

Дневен ред:

Т.16-стр.1-Извеш.на Анкетн.Ком.за домати...

Т.25-стр.57

Т.26-стр.60

1.КАРОВ ЗВОНКО 1, 12, 17, 24, 34, 52

2. КОСТАЌЕВ БОРИС – 35

3. НАЈДОВСКИ СЛОПБОДАН – 3, 8, 10, 25, 30, 33, 42, 44, 48

4. ПЕТКОВСКИ ТИТО – 1... (води.седн.)

5. ПАВЛОВ БОРИС – 47, 51

6. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР – 49, 51, 53

7. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ – 44, 46

8. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 54, 57, 59

9. ТАНТАРОВ ВЕЉО – 38, 41, 43

10. ТРАЈКОВ РИСТО – 27, 30, 32, 33

11. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ – 58

К Р А Ј

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Седумдесеттата седница на Собран;:сто на Република Македонија, одржана на 2 јули 1997 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јане Ангелковски и Јован Лазарев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Од 70-тата седница ни остана точката 16 - Извештај на Анкетната комисија за утврдување на одговорноста за увоз на домати и краставици во Република Македонија во текот на 1995 и 1996 година.

Извештајот на Анкетната комисија ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Звонко Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитуван министре, почитувани пами и господа пратеници и претставници на Владата.

Согласно Одлуката за основање Анкетна Комисија од страна на Собранието а во функција на утврдување на состојбите и во функција

на постигнување на основната цел Анкетната комисија да изготви и поднесе на Собранието извештај и тој да биде основ по кој што Собранието ќе расправа и ќе донесе соодветни заклучоци во Комисијата се отвори поширока расправа по неколку основни работи:

Прво, усогласување околу начинот на работата на Анкетната комисија со надлежностите и позициите што ги имаат анкетните комисии, согласно на Уставот;

Расправа околу самото запознавање со законската регулатива што го третира предметот на работа на Анкетната комисија, посебно делот на надворешно трговската размена како и расправа по добиените податоци од страна на надлежните министерства и државните органи, како и дополнителни објаснувања по пристигнатите материјали.

Понатаму се отвори една поширока расправа околу самиот предмет на работа - проблемите во земјоделското производство, заштита на земјоделското производство, времето на функционирање на временскиот период или извештајниот период а поради идентичност на условите се отвори поширока расправа околу функционирање на. надлежните министерства и државни органи и за периодот што е нешто пред тоа.

Со еден збор, се отвори поширока општа расправа по неколку прашања што го регулираат предметот на работењето на Анкетната комисија.

Од соработката што ја имавме со надлежните министерства и државните органи, на која соработка повикува и самата Одлука за основање анкетна комисија, на таа соработка нема никакви забелешки.

Извештајот од страна на Комисијата е поделен. Доколку со јави потреба од дополнителни објаснувања во смисла на констатирани состојби или потреби од објаснување на некои видувања на анкетната

комисија што беа искажани во општата расправа, како претседател на Анкетната комисија би се јавил и би се вклучил подоцна во дообјаснување на некои од констатираните состојби.

лагодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор г-динот Слободан Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,

Денешната точка од седницата што ја имаме за разгледување на Парламентот, покрај тоа што го има значењето да одговори на многу прашања што и те како беа поставувани пред овој Парламент, ја гледам и од еден друг аспект, од друг аспект да потврдиме, навистина колку ние, како пратеници, како Парламент го потврдуваме нашето место и улогата што треба овој Парламент да ја има во нашата држава.

Извештајот на Анкетната комисија го добивме од него можат да се согледаат само дел од работите што како Комисија односно како предлагачи за формирање на таа Анкетна комисија сакавме да се утврдат во работата на самата Комисија.

Јас, навистина знам и чувствувам колку е тешко да се работи во една ваква анкетна комисија и колку проблеми со колку проблеми се соочуваат членовите на една анкетна комисија. Тука, почнувајќи од определување лице од службите кое ќе биде надлежно да помага во работата на Анкетната комисија од овозможување на услови за работа на Анкетната комисија, голем број на проблеми со кои се соочува Анкетната комисија при добивање потребни податоци во работата ; Комисијата.

И, навистина како пратеници мораме да кажеме дека е доста тешко во вакви недефинирани услови и улоги на анкетните комисии човек да работи во една таква комисија. Но, истовремено, морам да кажам дека сите овие проблеми со кои се соочувам не само оваа туку и другите анкетни комисии не ни даваат за право нам, пратениците да подлегнуваме на Владата што ја има над овој Парламент. Ова е еден од начините со кои што навистина можеме да се избориме како пратеници за вистинското место на пратениците и Парламентот воопшто.

Ова го велам од неколку причини:

Прво, добро анализирајќи го Извештајот на Анкетната комисија, ќе забележиме дека тој скоро во ништо или во сосема мали работи се разликува од одговорот на едно пратеничко прашање што овде беше поставено уште при крајот на 1995 година. Овој извештај скоро и да не се разликува од одговорот што беше даден од страна на Владата на РМ. Затоа се поставува прашањето дали овој Извештај е фактички Извештај на Анкетната комисија и на Парламентот или е извештај на Владата на Република Македонија?

Втора причина што ме наведува на размислувањата што ги имав на почетокот на дискусијата е прашањето зошто кон овој Извештај доставен од Анкетната комисија во кој што се зборува дека се разгледувани голем број документи, не се приложени и тие документи со што ќе се потврдат констатациите во Извештајот? Тука сметам на документи што се состојат во законски одредби, одлуки на Влада, решенија за увоз или други законски документи што служат во надворешно -трговското работење. Сметам дека приложувањето на овие документи кон Извештајот АК ќе ни овозможат уште поцелосно да ја согледаме состојбата за која што е формирана Анкетната комисија.

Трето, зошто нема заклучоци што се предлагаат на Собранието за да се интервенира во системот на надворешното трговско работење или постапката што ја спроведува Владата во оваа област?

Имено, со формирањето на АК и во Деловникот за работа на Собранието е точно определено дека АК на крајот од својата работа, покрај Извештај предлага и мерки и заклучоци по однос на дадената проблематика што се обработува. Тоа е потребно и од причини што треба да се утврди дали во оваа област веќе се надминати проблемите заради што беше формирана АК и дали сегашната поставеност на системот и постапката за надворешно -трговското работење нема да ни се повторат во периодот што следи по формирањето на АК.

Само еден аргумент во ова тврдење би навел, имено и оваа година овде беше поставено пратеничко прашање истата ситуација се повтори со увозот на ориз. Значи, во таа област и понатаму остануваат нерегулирани работи иако реков дека е ова само еден аргумент, бидејќи Анкетната комисија не беше надлежна за работата во овој период кога се случи увозот на ориз во нашава Република.

Сметам дека во Извештајот на АК не се прави обид да се откријат вистинските виновници за утврдување на одговорноста во однос на увозот на домати и краставици во 1995 и 1996 година за што беше формирана АК. Во оваа можност би потсетил дека оваа Комисија беше формирана по долго инсистирање на пратеничката група на Либералната партија тогаш, сега Либерално-Демократската Партија, иако поединци од други пратенички групи го поставуваа ова прашање со цел само да се дигне прашина а не да се разреши прашањето.

На крајот, четвртата причина што би требала да послужи за разговор по овој Извештај, во Извештајот требаше да се согледа колку за овие состојби е виновна Владата и надлежните инспекциски органи во Република Македонија?

Ако на овие четири прашања и причини не добиеме одговор во извештајот, во расправата и заклучоците што треба да следат по однос на расправата по Извештајот, сметам дека тогаш навистина како Парламент нема да дадеме одговор на тие прашања и само ќе се претвориме во една владина служба, а не во функцијата што ја имаме како Парламент и пратеници.

За да ја потврдам оваа констатација ќе се осврнам на неколку моменти што се битни:

Имено, со Законот за надворешно - трговско работење Министерството за стопанство и Министерството за земјоделие немаат никакви ингеренции за надворешното трговско работење во Република Македонија. Врз основа, тогаш, на кој друг акт тие биле овластени за издавање одобренија за увоз за извоз или реекспорт? Со кој акт Владата ги задолжила тоа да го прават? Ако не ги задолжила дали значи дека тие и Владата заедно работеле противзаконски или мимо одлуките на овој Парламент.

Сметам дека Извештајот не дава одговор на овие прашања и дека треба конкретно да се позанимава со овие прашања.

Ако не дава одговор, тогаш од каде ќе знаеме како работи Владата и дали работи согласно на законите или на друг начин? Ако пак не знаеме како работи, како воопшто можеме како Парламент да ја контролираме нејзината работа во оваа и во други работи. Ако пак ние не сакаме да знаеме, тогаш како пратеници се залагаме за некој друг, а не за парламентарен систем.

Второто прашање е следно: кој бил надлежен да ги контролира одлуките на Владата за забрана на увоз и извоз на земјоделски производи? Мислам на одлуките што овде во самиот извештај се наведени.

Се поставува прашањето дали тоа значи дека Владата донесува одлуки, а не ја интересира како се реализираат и поконкретно како се контролираат?

Во Законот за надворешно -трговско работење контролата за спроведување на одлуките на Владата ги има царинските служби и инспекциските органи. Кои постапки ги презела тогаш Владата за да открие кој бил виновен и дали воопшто презела било какви постапки во 1995 и 1996 година и на кој начин со заклучоци со одлуки или слично?

Сметам дека во Извештајот на АК одговор на овие прашања немаме.

Прашањето што е само начнато во извештајот на АК, а за што понатаму не можеме да добиеме одговор, имено е со каков документ е извршен увозот и врз основа на кој закон тој документ треба да се издава? Зошто во прилог на Извештајот не е даден тој документ како прилог да согледаме како пратеници колку исправно е вршен увозот или извозот на домати и краставици за периодот за кој што се однесува овој извештај?. Дали евиденцијата на извозот претставува документ за увоз и врз основа на кој закон, Одлука на Влада можело да се врши увоз на домати и краставици во РМ само врз евиденцијата на извозот? Во Извештајот на Комисијата стои дека врз основа на евиденцијата на Министерството за стопанство се дозволил увоз. Таков документ во Законот за

(во салата се слуша џагор)

Ако нема интерес сметам

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Министрите молам да си седнат на своите места, а пратениците да внимаваат.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Реков дека таков документ во Законот за надворешно- трговоко работење не постои. Значи, се работело без документ за увоз и извоз на краставици и домати. Ако не постои во закон, тогаш како можел да биде користен еден таков документ при увозот на краставици и домати? Дали може утре да ни се случи во други области не само во земјоделието, да се врши увоз и извоз на производи надвор од Законот за надворешно-трговско работење?

Целото внимание во Извештајот е посветено на 1995 година. сите знаеме дека истата состојба со увозот на краставици и домати се случи и во 1996 година. Но, морам да кажам кога тоа се случи во 1996 година некако бегло се премина и во јавноста и овде во Парламентот. Можеби затоа што тогаш повеќе немаше министер од Либералната партија, па немаше кој да се напаѓа, па немаше потреба за анимирање на јавноста по однос на тоа дека се случи истата работа и во 1996 година. Во овој извештај, навистина, не стои со каков документ е извршен увозот во 199 6 година и како се нашле домати и краставици на Кванташкиот пазар во РМ во тој период.

Почитувани пратеници, ги поставувам овие прашања бидејќи зад овие мое тврдење....

(џагор во салата)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се извинувам г-дине Најдовски. Ве молам излезете надвор и правете муабет.

Молам продолжете г-дине Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Ги поставувам овие прашања од причини што за сето ова што го изнесов како податоци постојат и официјални документи што во одреден

период беа предадени на Анкетната комисија. Не знам од кои причини не се спомнуваат во извештајот.

Се работи за следното. Имам овде неколку документи од Дарината од кои што може точно да се види дека во периодот кога важела Одлуката на Владата за забрана на домати и краставици единствен увоз имаме од СР Југославија. Истото се случи ли и во 1995 година и во 1996 година. Навистина, мене, читајќи го овој извештај не ми е јасно како се случило токму увозот на домати и краставици во тој период да биде од СР Југославија.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ**:(продолжение).

Можеби веднаш некој ќе каже дека се работи за вратена стока, извезена од РМ во СРЈ. Но, тогаш веднаш се поставува прашањето, затоа што по овие документи што овде ги имам од Царина јасно се гледа дека се извезени 500 тони, а овде во извештајот се работи за 200 тони.

Второ прашање по однос на таа вратена стока е , ако се работи за вратена стока од СРЈ, се знае по законот за надворешно трговско работење, ако се работи за стока која што не одговара на квалитетот, или веќе стока која веќе се расипува, се знае дека таа стока веднаш треба да се уништи. Дури се поставува прашањето, на кого му се исплаќало расипана стока од СРЈ да враќа во Македонија, кога и транспортните трошоци би биле повисоки отколку цената и вредноста на таа стока.

Навистина ми се поставува на мене прашањето дали тогаш нашата граница со СР Југославија не се користела за увоз на домати од други држави кои што само преку СР Југославија како вратена стока овде ни се враќаа, па се продавала на кванташки пазар во Скопје.

Втор аргумент, односно втор податок кој што би го навел во ова мое тврдење, во компјутерските податоци од Царина, и тие исто така овде ги имам, еве ги да не ги читам сега подетално, стои дека сите камиони со домати и краставици кои биле пуштени врз основа на евиденциони листи, не е заведен сертификат за потекло на стоката. А без овој документ не е можно согласно законот да ја помине нашата граница. Тоа е исто, како некој од нас кога одиме надвор од границата или влегуваме во границата да ја минуваме границата без пасош. Се поставува прашањето нити во извештајот нити во јавноста до сега не слушнавме од страна на Владата и надлежните министерства да се открие виновникот кој дозволил на таков начин да се врши увозот и извозот на стоката.

II/2.-

Врз основа на компјутерските податоци од царина за транзит на домати и краставици од Бугарија за Албанија во 1995 година и во 1996 година, транзитот на скоро од половина од количините не е вршен со "карметир", еве ги тие податоци со ред за сите возила натоварени со ваква стока, туку е со документот"ЕЦД" , а тој документ е документ за увоз на стока во Македонија, што значи дека со издавањето на "ЕЦД" се дозволило увоз на домати и краставици и никој понатаму не знае дали тие домати и краставици излегле од Македонија за Албанија, или останале во Република Македонија. Навистина се поставува прашањето, зошто Комисијата иако ги имаше овие податоци не ги достави на Парламентот, односно на пратениците и сметам дека Комисијата требаше тоа да го направи, бидејќи во овој случај штитејќи се, односно штитејќи ја Владата, навистина си наштети самата на себе. Сметам дека со ваквиот пристап и со ваквиот начин на разрешување на ова прашаше, изгледа повторно одиме кон една ситуација ние како пратеници, како претставници како што некој сака да каже на народот, индиректно со ова ќе се вклучиме во јавашлукот што се случувал во оваа област во овој период.

Заради сето ова што досега го кажав, и причините кои што ги наведов на почетокот, а и податоците после тоа што ги изнесував сметам дека и со оглед на тоа што состојбите во оваа област ни се повторија, дали со краставици и домати и во текот на 1996 и 1997 година јас имав намера да предложам неколку заклучоци лично, но со оглед на тоа што тие заклучоци на крајот се скоро сите вклопени во заклучоците кои што ги предложи Пратеничката група на Либерално -демократската партија, сметам дека Собранието на РМ треба да го врати овој Извештај на Анкетната комисија на доработка и да ја задолжи да ги земе предвид овие укажувања кои што јас ги имав и кои што доколку би имало други дискутанти би укажале на одредени податоци и на Собранието и на нас пратениците да ни достават целосен извештај, оваа работа за која што е формирана Анкетната комисија како Парламент, како пратеници ја

истераме до крај, со тоа да ја симнеме одговорноста од нас како пратеници, затоа што во овој момент, најмалку ние како пратеници сме биле виновни за состојбата која што се случила, во спротивно сметам дека доколку го усвоиме овој извештај таков каков што е даден, извештај во кој што воопшто нема да се види кој е одговорен за состојбата која што се случуваше со увозот на краставици и домати, ќе се смета дека и ние како пратеници и Парламентот поддржал една таква состојба и придонел за последиците кои што се јавија во земјоделското производство посебно на раноградинарските култури во РМ во изминатиот период.

**ЅВОНКО КАРОВ:**

Почитувани дами и господа, би сакал да објаснам некои работи искажани од дискутантот во расправата и работи кои во општата расправа Комисијата по добивањето на податоците и по образложението и објаснувањето на барањето на Анкетната комисија за дополнително објаснување на некои податоци, сметам дека Извештајот ќе стане појасен на дел од пратениците, меѓутоа, би сакал повторно да повторам дека самата содржина на Извештајот и пристапот кон подготовките на содржината на Извештајот беше усогласена со поставеноста и позицијата која што ја имаат анкетните комисии, согласно Уставот и нивните надлежности.

Дозволете ми со неколку забелешки и искажувања да укажам и да дообјаснам некои работи.

Во расправата на Анкетната комисија околу заштитата на домашното земјоделско производство, меѓу другото е истакнато дека во рамките на надлежностите утврдени со Законот и во извештајниот период од 1995 и 1996 година согласно макро -економската политика за заштита на определени земјоделски производи, Владата на РМ и утврдува мерки во смисла на утврдување заштитни цени на определено земјоделско производство и дополнителни давачи во вид на прелевмани

кои важат во 1995 и 1996 година. Можеби се надвор од предметот на Извештајот на Комисијата, меѓутоа, би сакал само така да ги набројам од аспект на заштита на определени земјоделски производи, со кои што Владата на РМ утврдила заштитни цени за периодот од 1995-1996 година, а тоа се пченицата, тутунот, јагнињата, шеќерната репа, гоените јуниња и сончогледот и утврдување на прелевмани кои што при евентуалниот увоз дополнително би го оптоварил увозот на земјоделските производи и се утврдени како дополнителна заштитна мерка прелевмани за пченицата, брашното, млекото, сирењето, кашкавалот, зејтинот, свинското месо, производите од месо и шеќер.

Она што е предмет на Анкетната комисија за заштита на раноградинарските производи во овој период самата заштита се реализира преку одлуки и тоа, Одлука за распоредување на стоки на форуми за извоз и увоз, список на стоки на форуми за извоз и увоз и посебни одлуки со кои се утврдуваат обемот на контингенти за извоз и увоз на стоки со квартална динамика. Со овие квартални одлуки за рано-градинарските култури во извештајниот период од 1995-1996 година, претходно практикуваниот режим на слободен увоз или ЛБ режим се заменува со количинскиот контингент. Обемот на контингентите за извоз и увоз на овие земјоделски производи кои што се предмет на испитување при утврдување на состојбите на овие земјоделски производи, по стоки и вредност, по стоки и количина, ги утврдува Владата на РМ, согласно Законот за надворешно-трговското работење, каде што на предлог на органот на управата надлежен за економски односи со странство утврдува обем на контингенти по вредност и по количина, значи утврдува Владата на предлог на органот на управата, а по претходно добиено мислење од Министерството за стопанство и Министерството за земјоделство и шумарство. Тоа е согласно Законот за надворешно-трговското работење член 13 став 1. Согледувајќи ги оценките за обемот

на домашно раноградинарско производство, оценките околу динамиката на пристигнување на тоа домашно производство и оценките за пласман на самото производство, Владата на РМ во текот на 1995 и 1996 година не утврдува количински контингенти за увоз на овие производи, ценејќи ги оценките за домашното производство кое надалеку ги надминува потребите на домашната потрошувачка, па така утврдувајќи количински контингент нула, не дозволува увоз на овие земјоделски производи. Према тоа, во извештајниот период, тоа е кажано во извештајот, тој увоз не може да се реализира.

Нешто стана збор и околу надворешно -трговската размена. Согласно законот за надворешно - трговско работење за посредување во надворешно - трговскиот промет, во чии рамки спаѓа и реекспортот на производите, тоа е членот 19, надлежни се за одобрување органот на управата е надлежен за економски односи со странство, а за финансиските трансакции Народната банка на Македонија.

Она што овде посебно сакам да го потенцира пред Вас колеги е дека Република Македонија во остварувањето на своето надворешно - трговско работење го спроведува со сите држави, согласно Законот за надворешно - трговско работење и спроведените подзаконски акти, освен со нашиот северен сосед Југославија. Зошто е тоа така, санкциите воведени од Советот за безбедност при 00Н, а кои санкции траеа од март 1992 година, до крајот на декември, значи пред нешто година - година ипол, се и донесените резолуции во врска со санкционирањето на прометот према Југославија, во РМ се оневозможи транзит на стоки низ нејзиното подрачје во и од Југославија. Затоа на прашањето на колегата, ако се регулира -надворешно - трговскиот режим, можеме да одговориме, а тоа сме и го констатирале дека во. периодот на траењето на санкциите према Југославија, се вршело само евидентирање на

производи на листи кон Југославија, без притоа да се врши пренос на надлежностите од едно на друго министерство, или пренос од еден орган на управа кон друг.

Нешто стана збор и околу работењето на Царинската управа и царинските органи, документацијата што Комисијата располага итн. Она што сметаме на почетокот да го искажеме за вработените во царинските органи и царинската управа воопшто е дека во периодот од осамостојувањето на РМ, па се донекаде конституирањето на Царинската управа, до средината или почетокот на 199 3 година, вработените работаа така да кажам во невообичаено за нормални услови, нерегулирани и несредени односи и до периодот 1993 година, се разбира во едни такви околности на формирање на сопствена царинска служба на Републиката, тоа секако имаше одраз и врз квалитетот на работењето. Меѓутоа, со конституирањето на Царинската управа, како орган кој веќе има своја позиција на извршен орган, веќе се добива на квалитет во извршувањето, покрај царинењето на стоката и на контролната функција на тоа дали при извозот и увозот комплетно се контролира и комплетната документација согласно Законот за надворешно - трговско работење. Што значи, покрај царинењето, тие вршат и контрола, дали реалната состојба на стоките одговара на прописите од Законот за надворешно - трговско работење.

Од средината на 1993 година, па до случајот до јуни 1995 година, Министерството за стопанство го води евидентирањето на стоки кои што можат да имаат излез према Југославија, било да стане збор за домашни или странски стоки. Врз основа на листите , или списоците како што се велат, издадени од Министерството за стопанство, Царинската управа дозволува упатување на стоки према царинскиот премин, или граничниот премин према Југославија и тие листи или списоци се состојат од листа со која се евидентира, или А1 листа со која се евидентира излезот

на домашната стока према Југославија и листа А2 со која што се евидентира излезот на странска стока према Југославија. Евиденцијата на производите на кои се дозволува излез во Југославија се врши врз основа на барањето што претпријатијата го поднесуваа до Министерството за стопанство, таа евиденција се води дневно и така евидентираниот производ се доставува до Царинската управа која што врз основа на евиденција на стока дозволува упатување кон границата на Југославија.

**ЗВОНКО КАРОВ:** (Продолжение)

По известувањето од страна на Министерството за стопанство дека претходно евидентираните стоки на листата од Министерството за стопанство на А 2 листа, постои забрана веднаш по известувањето од Царинската управа не дозволува упатување на тие стоки, што значи претходно добиените листи не можат и не се целосно реализирани.

Ќе кажам неколку зборови за колегата Најдовски кој спомна за ТИР карнетот и ЕЦД документите, единствениот царински документ. Царинската конвенција за меѓународен превоз на стоки врз основа на ТИР карнетот, оште е познато дека самиот по себе како документ придонесува за олеснување на меѓународниот транспорт на стоки, при што до максимум се олеснува движењето на стоките во меѓународниот транспорт. Погодности има како за самите транзитни земји, со кои што се обезбедува сигурност и потребните царински гаранции кога превозниците го употребуваат ТИР карнетот. На превозниците им се намалуваат тешкотиите со кои се судираат за време на транспортот, а на самите царински органи се нуди еден меѓународен систем на контрола кој што ги заменува државните процедури. Се разбира постои процедура доколку превозникот го злоупотреби согласно царинската конвенција ТИР карнетот, што како обид е секогаш присутно и можно. Единствениот царински документ се употребува во патниот сообраќај, кој правилник постои во извештајниот период што Комисијата го гледа за превоз на стоки низ царинското подрачје на Република Македонија. Служи за уптавување на стоките од една до друга царинска испостава, служи како документ за упатување на стоките за царинско складирање, пријавување и тн. Еве,повторно да кажеме дека употребата на единствениот царински документ или ЕЦД документот функционира затоа што во тоа време постои и правилник за негова употреба.

III/2.-

Од аспект можниот шверц или во правец на зголемување на контролата во поточно утврдување на количината на стока која што се превезува, имаме информација, меѓутоа тоа е информација што во распра- вата може да се искаже не во извештајот дека се поставени ваги на граничните премини на Деве Баир, Табановце и Ќафасан и во фаза на монтирање се на граничните премини Блато, Ново Село и Делчево со она што како стара опрема и механичка вага постои на граничниот премин Меџитлија.

И уште за функционирање на една друга асоцијација за која што мислиме дека има свој голем придонес, тоа е Стопанската комора, која што преку својата групација за оранжериско-градинарско производство во извештајниот период, преку нејзините оценки за можното производство во 199 5 и 199 6 година преку оценките на групацијата за динамиката на пристигање на самото производство и динамиката на можниот пласман на домашното раноградинарско производство, Владата на Република Македонија во согласност со таквите оценки искажани во групацијата на земјоделското производство утврдува количинските контингенти да бидат нула, односно Владата да не дозволи увоз на овие производи во Македонија. Бидејќи домашното производство би било над потребите на домашната потрошувачка.

Согласно членот 45 од Законот за надворешно-трговско работење уверенијата за потекло на стоките кои што се извезуваат од Република Македонија, односно ги заверува Стопанската комора. Тие уверенија кои се издавани и во кои задолжително стои името на увозникот и називот на производот, освен не ставање во графата на количината на производот кој што ќе има излез и тоа се прави или пополнува после утовар на возилото. Така заверените документи извозниците ги враќаат на наредниот утовар, со што стекнуваат право за добивање на нови.

Претпријатието извозник било задолжено да поднесе барање, да обезбеди и презентира уверение за потекло на надлежните carински органи, тоа го прават при излез од Република Македонија спрема влезот во Југославија. И во овој дел со цел да се поддржи извозот на раноградинарските производи од домашно производство на домашните производители, самата постапка околу евидентирањето на правото на листа, тоа е договорено со царинската управа без поднесување на барање за евидентирање на излезот тоа да се регулира со гранична царинска испостава. Од јули 199 5 година од Министерството за стопанство евидентирањето преминува во Стопанската комора каде што при таквото евидентирање не се јавува некој случај или проблем околу самото евидентирање. Од октомври 1995 година уверението за потеклото на стоките ги издава Царинската управа, царинските органи за излез кон Југославија, бидејќи за сите останати држави надворешно трговскиот режим е согласно Законот за надворешно- трговско работење и спроведените подзаконски акти.

Издавањето на уверението од страна на царинските органи кои што ја заменуваат комората исто така го предвидува членот 45 од Законот за надворешно трговско работење.

Сега ќе морам да објаснам некои забелешки и околу самите констатирани состојби а тоа и во воведното излагање го кажав Анкетната комисија, едно е расправа во Комисија, друго е содржина на Извештај на анкетна комисија по констатирана состојба во^ извештајот и по да кажам, евентуално забелешката што се јавува околу тоа како би требало тој извештај да изгледа.

Стана збор околу самото регулирање на надворешно -трговскиот режим. Со кој акт тоа се прави итн. На почетокот кажав дека регулирањето на надворешно трговскиот режим Република Македонија

целокупното свое надворешно трговско работење го врши согласно Законот за надворешно - трговско работење, освен со северниот сосед, поради спроведените санкции спрема него. И тоа не значи пренесување на надлежност, туку евидентирање на производи кои можат да ја преминат границата и тоа го прави од 1993 до 1995 година Министерството за стопанство.

Пропусти во контролата или пропусти во постапката на контролата од страна на царинскиот орган, колеги Царинската управа или вработените тие можат упатувањето на стоки своето работење и самата контрола на постапка ја вршат согласно Законот за надворешно -трговско работење. Тоа го прават за целокупниот надворешно трговски режим што Република Македонија го има со сите останати држави. За контрола и самата постапка за регулирање на надворешно трговскиот режим со северниот сосед, самата постапка ја врши согласно востановениот режим за надворешна трговска размена со северниот сосед. Тоа значи дека самата контрола на постапката и дозвола за управување на стоките ја врши врз претходно евидентирани производи на листи што биле издавани согласно востановениот режим две години од страна на Министерството за стопанство.

Ние во извештајот констатиравме дека министерот не дал согласност и тоа е кажано во извештајот. Сега, друго е во расправата кажано што се развива и во Анкетната комисија или овде, што значи тоа согласност, дали евидентирањето на листите значи согласност од лице вработено во орган на управа. Што значи регулирање на надворешно-трговски режим во негово отсуство. Дали постои стриктна забрана на евидентирање на производи до моментот на евидентирање на овие земјоделски производи итн, итн. Тоа се констатации во расправа. Меѓутоа, она што за анкетната комисија како наод е кажано дека овие производи се евидентирани во Министерството за стопанство за што министерот не дал согласност и ништо повеќе.

Понатаму, ние кажуваме дека задолжениот советник во извештајот, во извештајот евидентирал такви производи во јуни по барање на претпријатијата и тој бил суспендиран од работа или подоцна добил отказно решение. Ние тоа сме го кажале во содржината на извештајот. Зошто? Затоа што имаме и изјава ги нарушило принципите на работењето во Министерството. Какви се тие принципи на работење? Дали некој вршел врз неа притисок, тоа е Анкетната комисија не може тоа да го направи само во расправата тоа може. Во извештајот го констатираме она што ни е кажано. Ние не можеме да ја покануваме на состанок, па таму ќе ни менува изјави. Ние имаме изјава дека го нарушува принципот на работење. Да се разбереме, ако таа докаже во судска постапка, тоа не е во надлежност на Анкетната комисија. Тоа е основа, она што таа го кажува. Ако таа докаже во судска постапка дека дотогаш не постои забрана, ниту информираност дека на евидентирање на листа треба да стои земјоделски производ, таа може ќе биде и вратена. на работа. Меѓутоа, тоа не е работа на Анкетната комисија. Анкетната комисија го констатира она што како материјал го има.

Уште едно интересно искажување од колегата со кој акт се врши надворешно - трговскиот режим итн. Вие знаете дека надворешно-трговскиот режим со северниот сосед се врши на еден востановен начин на решавање и вршење на надворешно - трговското работење само со Југославија. Ние не можеме сега да влегуваме во расправа, тоа не чини, тоа носи многу штета за Македонија итн. Ако навистина постоела убеденост дека тоа е така, јас ве молам тоа се практицирало две години и тоа од 1993 евидентирањето на листите, па до случајот со 1995 година. Според тоа, воопшто не може да стане збор, дека тоа носело не знам какви последици. Ние сме кажувале, па сега не сме кажувале и тоа е многу штетно. Тоа е практикувано две години. Овде со евидентирање на листи од страна на Министерството за стопанство и никој не прави

забелешка на тоа затоа што тој бил востновен режим на надворешно трговско работење со Југославија. Она што на крајот како општа и единствена констатација на Анкетната комисија, разгледувајќи ја во пошироката расправа или пошироко гледање не само по предметот на работењето за кое што таа е основана, туку поради идентичноста на условите со кои што Република Македонија се соочувала еден подолг период, практично, до крајот дна 1995 година. Она што сакам да го кажам, не сакам да ги злоупотребувам членовите на Анкетната комисија, мислам дека по мислење во Анкетната комисија беше единствено и за што членовите на Анкетната комисија едногласно констатираа, а тоа е следното: Со воведените блокади спрема Република Македонија во еден подолгорочен период и воведените санкции спрема северниот сосед од страна на Советот за безбедност спрема нашиот северен сосед, македонските претпријатија воопшто работеа во тешки услови за работа, во едни наметната услови надвор од волјата на Република Македонија и сметаме дека во тој претходен период македонските претпријатија или стопански субјекти, претрпеа одделни поголеми штети што во еден нареден краток период тешко дека тоа ќе може да се надокнади.

Второ, во едни такви услови ние се сложуваме со констатацијата дека, користејќи го востановениот режим на надворешно- трговската размена со северниот сосед од објективни услови не може доследно да се почитува одредбите од Законот за надворешно - трговско работење и практикуваниот или востановениот режим придонесе или отвори можност одредени стопански субјекти да имаат материјален интерес, меѓутоа имаат определени штети.

Трето, самата контрола и постапките на контролата во регулирање на надворешно трговското работење од страна на царинските органи добива во квалитет, посебно со конституирањето на царинската управа и напорите што се прават во нејзино опремување. Мислиме дека, посебно

од периодот со конституирањето и опремувањето на царинската управа и Царинската управа и вработените гледано во целина одговараат на задачите поставени согласно на одредбите од Законот за надворешно - трговско работење со северниот сосед.

Четврто, расправајќи по и компарирајќи со сегашните состојби во Републиката и земјите од поширокиот регион, како и напорите што се прават во правец на создавање на основните постапки или основни предуслов за регулирање на економските односи и со соседните земји и со земјите од поширокиот регион, Анкетната комисија смета дека ќе се овозможи подоследна примена на прописите од областа на надворешно-трговското работење, санкционирање на сите противправни дејства и ќе се овозможи економска соработка на повисоко ниво,имајќи предвид дека целосната примена на одредбите од Законот за надворешно трговско работење;

IV/1.-СП/МЛ

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Периодот на 'блокадите и санкциите и односите произлезени од тој амбиент, Анкетната комисија со сигурност и единственост констатира дека период на блокада и санкција било спрема Република Македонија или блокада и санкција било спрема било кој нејзин сосед, не може да биде основа по која Република Македонија ќе ги гради своите односи на надворешно - трговското работење, надворешно - трговска работа и воопшто економскиот развој. Според тоа, не можеме, иако доста енергија е потрошена некогаш и во застапување на такви фирми кои подлогата ја гледаа во едно заматено време, заматени односи, долгорочниот интерес на Република Македонија не може да биде време на блокади и санкции.

Она што Комисијата во неколку точки го констатира, сметаме дека сите напори и активности што Републиката ги прави на овој план, сите активности што ги прави на планот на стабилни, било да се економски или политички односи, не само кон стабилноста, туку и кон зацврстувањето на тие односи, а тоа може само да придонесе стопанските претпријатија или субјектите во Република Македонија на еден долгорочен план можат да го планираат своето работење, својот опстанок, својот развој и воопшто својата перспектива. Спрема тоа, тоа време како Собрание да не го посакуваме да се врати назад како време на блокади и санкции, сепак времето покажа дека подлогата по која одредени фирми се регистрираа тогаш во едни долгорочно стабилни услови, не можат да држат рејтинг.

Јас, во името на Анкетната комисија ве молам да го прифатите извештајот.

Благодарам.

IV/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали друг бара збор?

Има збор господинот Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, јас се извинувам ќе настојувам да бидам што пократок со оглед на тоа што некои мои тврдења овде од господинот Каров се настојуваше да се порекнат преку образлагање на тоа како се воздигнувала нашата царинска управа, како, недај боже да ни се вратат времињата на блокади и сите тие работи, но јас морам прво да го кажам следното:

Воопшто не зборував за времето на блокадите што ги имаше нашата држава и јас велам недај боже да ни се повторат.

Второ, воопшто не ја спомнав царинската управа како се изградувала, како се воздигнувала, ниту ги нападнав цариниците во нашата Држава што сакаше да се инпутира или некој сака можеби да се додворува на нив, јас немам ниту потреба да им се додворувам, ниту потреба во овој момент да ги нападнам знам и тие со какви тешкотии се соочуваат, како што и овде беше осетна дозата на притисок која се врши за една работа да се истера така како што некој ја замислил, така и на тие цариници некој вршел притисок за една работа да се заврши на таков начин.

Ако добро се сеќавате, јас се извинувам ако погрешам, но мислам дека господинот Костаќев беше првиот штоп го постави прашањето овде по оваа проблематика. Ако добро се сеќавам, рече вака: "Кој дозволи увоз на краставици и домати во Република Македонија во моментот кога Македонија започна производството на раноградинарски култури".

IV/3.-

Анкетната комисија беше формирана да одговори на прашањето кој го дозволи увозот, па извозот на тие краставици и домати. Кажете ми во Извештајот дали видовте некаде една работа да се спомне кој дозволил и како е извршен увозот на домати и краставици во Република Македонија. Јас се извинувам, но во овој Извештај на Комисијата тоа го нема. Имено, добро видов дека во Извештајот стои дека контингентот е нула за тој период, односно од 15.02. до 15.07 и од 15.08. до 31.10., ако ги погрешам овие датуми, простете. Но, јас се прашувам господинот Звонко Каров овде рече вака: "Владата на Република Македонија не дала дозвола за увоз на краставици и домати во Република Македонија". Тоа е во ред, вели дека не дала дозвола за увоз. Се поставува прашањето тогаш кој го дозволил и врз основа на кој документ се увезоа доматите и краставиците во Република Македонија? Тоа е основното прашање и самиот рече дека евиденционите листи за извоз на стока од Република Македонија во СР Југославија се само за евидентирање со оглед на тоа што во тој период не можеше докрај да се спроведува Законот за надворешно - трговското работење. Тврдам дека евиденционите листи кои беа за извоз на домати и краставици од Република Македонија во СР Југославија, не се документ за увоз на краставици и домати во Република Македонија и тука треба еднаш да разграничиме одговорот на прашањето ќе го добиеме само тогаш кога ќе откриеме кој дал дозвола, кој увезол и врз основа на кој документ ги увезол тие краставици и домати. Тоа од Извештајот апсолутно не можеме да го видиме. Мора да се каже еднаш навистина врз основа на кои документи како е извршен увозот на краставици и помати. Само тогаш и на тој начин ќе можеме да одговориме на ова прашање. Јас воопшто не го поставив прашањето на тоа дека во тој период навистина се соочувавме со тешкотии, па мораше на одредени начини од- редени стоки од кај нас да се пласираат во СР Југославија. Тоа прашање

мислам дека не постои потреба да ми се ампутира дека сум против нашето домашно производство, туку единствената интенција можеби некој недоволно ме разбрал, мојата интенција беше да кажам дека навистина не само тогаш, туку и денеска имаме несредени односи во надворешно-трговското работење на нашата држава. Сметав и мое лично мислење е дека Анкетната комисија предлагајќи мерки во една од мерките кои требаше да ги предложи требаше да каже дека под итно треба во нашата држава да се донесе законска регулатива за регулирање на таа област. Ние овде во Парламентот пред две години имавме предлог за изменување на законите и сето тоа да се стави на едно место во еден орган тоа да биде поцелосно, поекспедитивно и порационално решено. Тоа овде, господа пратеници, не беше усвоено. Сепак, ние сега ќе завршиме со тоа, јас знам дека овој Извештај ќе биде усвоен затоа што на крајот не се најде оној виновник на кој беше насочена целата работа да се префрли, затоа што испадна дека тој не е виновен е, сега, кога испадна дека тие луѓе кон кои беше насочена оваа работа да се најде виновникот и да се види дека тие не се виновни, работата ќе запре. Од тие причини јас тоа го дискутирав, а по однос на тоа како се одвивала царинската управа во развојот во една друга прилика ќе имаме прилика да разговараме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Ристо Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги. Сакам да потсетам дека не е добро да се чепка по стари рани. Чепкањето на стари рани носи болка. Болката 1995 година само

земјоделците можеа да ја претрпат така како што беше нанесена. Навраќајќи се назад на Оваа болка, мислам дека правиме повторно неправда на овие луѓе. Се ќе беше добро ако не се побараше виновни- кот од оваа говорница. Јас мислам дека виновникот многу пати се потенцираше и за време на конституирањето на новата Влада 1996 година и сега при конституирањето на новата Влада токму заради тој виновник колегата Најдовски ги кажа најдобрите зборови за него во тој момент за разлика од другите министри кои останаа во Владата и новите во Владата не најде храброст да каже ни еден добар збор туку само за министерот за стопанство кажа дека бил најдобар, ги кажа добрите страни, а не ги кажа лошите, а ова е лошата страна на Министерството за стопанство, претставувано од тогашниот министер. Ова е лошата страна - дозвола за увоз на раноградинарски производи од Македонија во СР Југославија. Тоа е тоа и еве да го кажам другиот виновник во истото Министерство, донесена е Одлука на 9.08. 1995 година претставник на работен однос , се извинувам на госпоѓата Софија Бораниева, советник во ова министерство за текстилна индустрија и индустрија на кожи. Таа дала дозвола на фирми од Гевгелија и набројани се фирмите во оваа Информација од Анкетната комисија кои се тие фирми и колку скока дозволиле увоз за СР Југославија. Зарем тоа не зборува доволно самото тоа што фирмите се од Гевгелија. Кој го дал тоа, зошто не дал извоз на фирми од Струмица, зошто не дал извоз на фирми од Битола, туку само на фирми од Гевгелија.

Едно друго укажување, при првата расправа на комисијата за земјоделието, беше повикан министерот за стопанство, тогашниот, тој на Комисијата рече дека нема таков реекспорт, односно нема злоупотреба при увозот на домати. Рече, можно е да се случило такво нешто за едно

или две возила во негово отсуство кога тој бил во Швајцарија. После тоа во одговорот на пратеничкото прашање и податоците на Комисијата се констатира дека е извршен увоз на 300 тони домати. Комисијата за земјоделие во тој момент беше излажана од министерот за стопанство, а во исто време и од претставникот на Министерството за надворешни работи, кој вината ја фрли на сертификатите и наредниот ден во печатот имаше информација по расправата на Комисијата дека грешката е што се издадени сертификаци за потеклото на производството. Ако нема увоз нема потреба од сертификат за потекло на производството. Бил извршен увозот и тогаш се издал сертификатот за потеклото на имотот од каде е производството - пасошот што го кажа колегата Најдовски. Увозот бил веќе извршен и затоа се барал сертификат на потеклото. Не е точно дека во тој период не е направена констатација во однос на Комисијата. Колегата претседател на Комисијата добро ја објасни постапката, меѓутоа, сакам да спомнам дека за 1995 година имаше одлука со која беше забранет увоз на земјоделски производи и тоа заштитна мерка за пиперката за 1995 година од 15 март до 30 октомври за доматите до 15 март до 15 јануари, за краставици од 15 февруари до 15 јули и од 15 август до 30 октомври, а реекспортот, односно увозот е направен во периодот кога важеше забраната. Тој е направен од страна на Министерството за стопанство и во образложениeто вели затоа што е разрешена овој советник од тоа работно место кажува зошто е из*вршено нејзиното сменување затоа што при изготвувањето на А-1 и А-2 листата дава приоритет на овие фирми. Значи се знае виновникот, го има виновникот.

(Дофрлување од место)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте од место да дофрлувате, секој кој побарал збор добил.

IV/7.-

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Станете и кажете го тоа и еве, ако некој мисли дека треба дополнителни податоци стоиме на располагање и како Комисија и јас лично да дадам дополнителни информации.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика господинот Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, со оглед на тоа што беше лично до мене упатено дека бранам некого еве јавно ви кажувам господине Трајков дека ќе бранам секој член на мојата Либерално - демократска партија во случаеви кога е чист. Прв ќе бидам во случаеви кога нешто погрешил ќе го нападнам. Тоа со факти ќе ви го потврдам. Вие господине Трајков го поставувавте тоа прашање до промената на Владата за краставиците и доматите. Но, чекавме три месеци затоа што јас, ако добро се сеќавате, кога дискутирав за реконструкцијата на Владата во март 1996 година овде реков со оглед на тоа што се напаѓа министерот Ристо Иванов за увоз на краставици и домати јас реков како член на пратеничката група на тогашната Либерална партија ги повикувам оние што го критикуваа да поднесат барање за формирање на Анкетна комисија за да се испита случајот. Чекавме три месеци, вие што го критикувавте да поднесете барање за формирање на анкетна комисија. Вие тоа не го направивте. На крајот повторно од пратениците на пратеничката група на Либерално- демократската партија беше покренато барање за формирање Анкетна комисија и предлог на одлука. Тоа е прво прашање кое сакам да го расчистиме.

IV/8.-

Втора работа како член на Анкетната комисија овде обвинивте некого. Тогаш ве прашувам зошто до сега тоа го криевте, не го напишавте во Извештајот, а во Извештајот ни напишавте следното: "Истовремено за извозот на земјоделски производи со потекло од Република Македонија немало потреба од евиденција и дозвола од Министерството за стопанство". Зошто во ниеден момент до сега во Извештајот немате напишано дека увозот на домати го дозволило Министерството за стопанство. Тогаш вие како член на Анкетната комисија нешто од нас криете, а зошто криете, затоа што законски Министерството за стопанство нема никаква надлежност при увоз на таа стока. Тоа значи овде изнесовте еден податок дали од непознавање на законската регулатива или од ваша работа, тоа е друго прашање.

Трето, ќе го бранам секој член од мојата партија, јас очекував овде господине Трајков да го нападнат членовите на СДСМ и жалосно е што вие сега се јавивте во улога на ментор на таа пратеничка група. Уште еднаш, ако имате податоци со кои ќе докажете дека е виновен господинот Ристо Иванов, прв ќе ве поддржам, но нема во ниеден момент да се служам како вас со паушални оценки и вие овде од оваа говорница изнесовте едно обвинување за кое немате ни еден мал податок. Сметам дека достоинството на секој од нас пратениците не треба да ни дозволи поединечно некого да обвиниме ако немаме ни еден аргумент за тоа. Вие за тоа немате никаков аргумент за она обвинување кое го изнесовте. Реков, ако имате и еден аргумент, затоа што и вие овде покажавте дека сеуште не знаете кој дал дозвола и кој ги увезол доматите и краставиците во Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Трајков реплика.

IV/9.-

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Не за џабе ја спомнав Одлуката за престанок на работниот однос на таа госпоѓа. Еве ќе прочитам зошто е разрешена од советничкото работно место. "При изготвувањето на А-1 и А-2 листата овозможила поединци правни и физички лица да се најдат на А-1 и А-2 листата, односно бесправно го искористила правото на увоз на домати и краставици и компири за СР Југославија кое, според изјавата на именуваната од 9.06., што го спомна и претседателот на Комисијата,1995 година е заведено во архивата на Министерството за стопанство". Значи, тоа произлегло од Министерството за стопанство, а не произлегло од ниедно друго министерство. Ако првиот човек на ова министерство не чувствува одговорност, не е виновен за таа работа, јас не знам дали при оставката, еве на пример на екс министерот Антони Пешев дали тој ги возеше авионите кога паднаа, па си даде оставка.

V/1.-JM/ЉР

**РИСТО ТРАЈКОВ:** (продолжение)

Ова само вака може да се гледа, а не како вие што велите дали тој бил од партијата СДП или СДС или ЛП, тогашна либерална партија. Проблемите на земјоделците не се во партиите, проблемите се во нивите. Значи одговорноста сакам да биде еднаква и за едниот и за другиот.

**СЛБООДАН НАЈДОВСКИ:**

Или не сакаме, или не можеме да се разбереме. Јас цело време за една работа овде зборувам што е јасно. Еве, се согласувам вие г-дине Трајков рековте дека заради тоа што некој работник од Министерството прекрши и министерот требало да чувствува морална одговорност. Сега ке речам затоа што еден од министрите погрешил премиерот требало да почувствува морална одговорност затоа што имал таков министер, премиерот требаше да си поднесе оставка, ако сакаме да го карикираме така. Но, тоа не може така да се карикира и ќе ви одговорам за крај сега, навистина за крај барем вас лично една работа вадите од Извештајот. Тоа е евиденционата листа за излез на стоката од РМ. Јас уште еднаш ќе повторам. Г-дионот Костаќев, а и вие покасно баравте кој дозволил увоз на доматите и краставиците во РМ. На сите да ни е јасно како ден, евиденционата листа за излез на стока од РМ не е документ со кој се дозволува увоз на стока во РМ. Затоа реков дека ние не одговараме на вистинското прашање кое што е поставено и за кое што е формирана анкетната комисија. А вие ако сакате да импутирате на некого тешко ви успева тоа бидејќи јавноста, барем оние кои што разбираат во надворешно трговско работење знаат дека тоа не е така.

V/2.-

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Уште едно дообјаснување.

Извештајот кажано е, прочитајте го добро, Владата на РМ не дозволила во извештајниот период увоз. Количинскиот контингент е нула согласно Законот за надворешно трговско работење. Органот за управата надлежен за економските односи со странство на негов предлог Владата утврдува, дозволува увоз по претходно прибавено мислење на Министерството за стопанство и Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство. Според тоа , не да не е кажано, кажано е: Владата во извештајниот период не дозволува увоз на овие артикли. Тоа е едно.

Второ, санкциите востановиле режим на надворешно трговско работење само со северниот сосед практикуван од 1993 до јуни 1995 каде што евидентирање на излезот на стоки го врши Министерството за стопанство. Тоа е втор<?,мислам дека е јасно. Во случајот евидентирањето го врши Комората, уверението за потекло во октомври 1995 согласно Законот член 45 покрај Стопанската комора царинскиот орган дава уверение за потекло затоа што практиката во светот е секаде таква.

Трето, претпријатија кои поднеле барање да бидат евидентирани на листа А-2 странски т.е. турски домати и краставици биле претпрјатија сме ги кажале во Извештајот реекспортери, или претпријатија евидентирани во Министерството за стопанство од Гевгелија. Ништо повеќе Ниту на крај памет не ни падна на нас министерот бил од таму, па сега фирмите ваму  па нешто имало. Тоа не ни паднало на памет, тоа не е кажано. Според тоа, таа е процедурата. Мислам дека тука нема нејаснотии.

V/3.-

**БОРИС КОСТАЌЕВ:**

Почитуван претоедателе, дами и г-да претенции, во врска со Извештајот на Анкетната комисија за утврдуваше на одговорноста за увозот на домати и краставици во РМ во текот на 1995, 1996 година јас сакам да се произнесам најповеќе заради тоа што убеден сум дека главниот мотив, односно главната причина за формирање на оваа анкетна комисија е Пратеничкото прашање што го поставив токму јас на 21-та седница на ова Собрание одржана точно пред 2 години на 25.06.1995 година. за да се добие права престава за суштината на проблемот односно спорот што беше предмет на оваа Комисија сакам да ве потсетам на следното. Владата на РМ имајќи предвид дека земјоделците со откупот и пласманот на раноградинарските производи во текот на 1994 година поминаа лошо, а со цел такво нешто да не се случи и во 1995, 1996 година побара информација, односно податоци од Стопанската комора на Македонија уште во месец февруари со какви количини раноградинарски производи, какви количини на раноградинарски производи се очекуваат во 1995 година и соодветно на тоа да се преземат и адекватни мерки. Стопанската комора на Македонија преку своите групации во земјоделското производство на сендита одржана на 10 февруари 1995 година носи заклучок дека во 1995 година домашното производство на раноградинарските култури ќе биде многу поголемо отколку што ќе може да потроши нашиот пазар и затоа и препорачува на Владата количинскиот контингент за увоз на домати и краставици да го одреди на нула. Владата на РМ на својата прва седница после оваа препорака носи одлука со која количинскиот контингент го определува на нула, се што практично носи одлука за забранил и увоз на домати и краставици за периодот 1995, 1996 година и оваа одлука трае се до 30.08.1996 година. Напомнувам дека во тој период на снага се препораките на Комитетот за санкции при Обединетите Нации за водење евиденција и контрола кои производи

можат да ја минат границата меѓу Македонија и СРЈ. Таа евиденција и контрола ја води Министерството за стопанство и тоа Министерство издава одобренија за излез од Македонија, се разбира ако се поседува сертификат дека производот е македонски и со важност од 20.03.1995 година сите производи вклучувајќи ги тука и земјоделските производи се ослободени од царина 85% и 5% од други давачки. Сето ова се потврдува и со дел од одговорот на моето пратеничко прашање од страна на тогашниот министер за стопанство г-динот Ристо Иванов кој вели цитирам: "согласно препораките на Комитетот за санкции при ОН евиденција и контролата кои производи можат да се извезуваат во СРЈ ја води Министерството за стопанство и исклучиво ова Министерство издава одобрение за тоа". Понатаму се вели во одговорот цитирам: "истовремено за извоз на земјоделски производи со потекло од РМ немаше потреба во тоа време од евиденција и издавање одобренија од ова Министерство". Тоа значи пак од друга страна дека земјоделските производи од РМ без carински давачки слободно се носеа во СРЈ и се разбира дел од тоа производство се продаваше и на нашите пазари. А тоа пак од своја страна резултираше со релативно добра цена на овие производи и нормално земјоделците беа задоволни, но не беа задоволни и трговците. И тука настанува проблемот. Трговците сметаат дека од вкупните цени се високи и по секоја цена бараат начин како да ја соборат таа цена. Мислеа и смислија увоз на поевтини домати и краставици од Турција, а со тоа и соборување на цената како на нашите пазари исто така и на пазарите во соседството. Тука во игра го вклучуваат Министерството за стопанство и тоа Министерство прави грешка. Како? На четири фирми од Гевгелија, нагласувам баш од Гевгелија дали случајно, или не, вие процените на нивно барање Министерството за стопанство им дава одобрение за извоз на домати нагласувам за извоз на домати и краставици во СРЈ иако немало потреба од тоа. Со тие

одобренија за извоз и со приоритетните листи А-2 тие 4 фирми увезуваат од Турција 23 камиони, најголемиот дел од нив шлепери со домати и краставици, или во кгр. 265 илјади кгр. домати и 37.000 кгр. краставици сето тоа во периодот од 17.04.1995 до 6.06.1995 година. Овие цифри на 4-те трговски фирми од Гевгелија се потврдени во одговорот на моето пратеничко прашаше од страна на Владата, односно од тогашниот министер за стопанство, потврдени се и во Извештајот што е предмет на денешната седница. Министерството за стопанство признава дека прави грешка, односно пропуст и со тоа што советникот што ги дал тие одобренија прво го сменуваат од работното место, а потоа и го суспендираат. Од сето ова што досега го кажав и ако подетално се проанализира извештајот на Анкетната комисија лесно се доаѓа до заклучок дека пропустите се направени само во Министерството за стопанство. И пред 2 години кога го поставив пратеничкото прашаше и сега симптоматичен ми е фактот што за целиот овој проблем се нешто се врти околу Гевгелија. Оштетени се и настрадаа земјоделците од Гевгелиско, Валандовскиот крај, четирите фирми увознички сите од Гевгелија и министерот тогашен гевгеличанец. Дали ова е случајно, или не, не знам, можете и самите да процените.

Сосема на крајот само со неколку збора сакам да кажам нешто во врска и со Извештајот односно со целисходноста на овој извештај. Иако на прв поглед изгледа краток овој извештај, во него се содржани и многу прецизно се опфатени сите работи кои 'упsty033,1 кон тоа да секој може да си створи заклучок за суштината на целиот проблем, како и за тоа капеа се направени пропустите. Вложено е и многу труд потрошено е многу време за да можат да се испитаат односно консултираат сите субјекти кои биле во можност да направат грешки во своето работење, односно да бидат замешани во целиот овој проблем. Во тоа секако

предначеше претседателот на Комисијата кој до крај инсистираше да се приберат што попрецизни податоци и сознанија како би се подготвил што поцелосен и што поадекватен извештај. Многумина од вас почитувани пратеници ќе си кажат дека овој извештај е задоцнет и дека многу фајда од него ќе нема. Но не е така ако се земе во предвид фактот дека откупот и пласманот на раноградинарските култури секоја година е актуелен и извештајот од тие причини мислам дека не е задоцнет. Лично би бил многу среќен ако од сето ова се извлече една поука дека во иднина не треба да се прават такви пропусти и дека поорганизирано треба да се делува, да делуваат сите фактори што ја регулираат ова проблематика. Оттука ако е целта на овој извештај токму во ова сметам дека извештајот треба да биде прифатен.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници и покрај тоа што во битолскиот дел на Палагонија нема родено раноградинарски производи по прашањето што денес е на дневен ред во нашево Собрание се јавуваат два пратеника да дискутираат по овој проблем. Мојот пријател Слободан Најдов- ски стана неколкупати на оваа говорница, меѓутоа и покрај тоа што е смешан селско-градски пратеник не слушнав да го осуди ова зло за земјоделците. Сигурно после мене ќе стане и ќе го осуди, а јас ќе дискутирам, покрај тоа што реков кај нас нема такви производи сакам малку да посветам внимание и на увозот што досег»а се случуваше и за некои други производи што му нанесоа зло на нашиве земјоделци. Увозот на домати и краставици во 1995-1996 година во редовите на раноградинарите од нашава држава предизвика тешки проблеми со цените и пласманот на домашните домати и краставици. Како го поднесоа овој удар нашите раноградинари знаат само тие и нивните семејства кои додека да го подготват производството на овие производи

за пазарот минаа низ многу работни и парични би рекол маки, со непреспани ноќи со претвораше на ноќта и денот во работен ден. На крајот кога домашните домати и краставици стасаа за трпезите некој дозволи увоз на домати и краставици и го уништи нашево домашно производство на овие култури.

Г-да пратеници вие се сеќавате како заради увозните домати и краставици во мај и јуни нашите рани домати наместо да се најдат на домашниве и странските трпези се најдоа во казаните на фабриките за преработка на зеленчук и овошје, или скапаа по нивите. Епилогот од овој увоз е познат. Раноградинарите бадијална ја минаа пролетта кај градините со овие култури и останаа без средства за егзистенција, а увозниците добро ги наполнија џебовите преку увозот на овие производи како што рече г-динот Костаќев, од Турција. Денес кога се бара некаква одговорност за овој увоз, мислам дека тоа барање треба да се сврти на една страна кон министерствата кои во 1995 година и 1996 година го дозволија таквиот увоз. Увозниците ако ни дозволите за увоз на домати и краставици не се плеткаа со некои нечесни игри и не се виновни за извршениот увоз. Тие во борбата за повеќе пари би нашле клучевите за да стигнат до таа цел и си завршија нормално работа на штета на градинарите. Сега прашање е зошто во овој увоз како што рече Костаќев не се вклучија и некој увозници од Битола, Тетово и од Скопје,туку само од Гевгелија. Дали се во прашање врските за дозволите со тие министерства,или нешто друго. Инаку каква ќе биде одговорноста за катастрофата што овој увоз на домати и краставици му ја нанесе на нашето рано градинарство, не знам. Тоа е, каква сака нека биде градинарите од неа нема ништо да добијат. За нив и другите земјоделци одговорноста за овој увоз би била само една како што рече Костаќев поука за во иднина да не се случуваат вакви срамови и штети спрема

V/8.-

земјоделците. Во изминатиот период за жал покрај градинарските производи се увезуваат и многу други аграрни производи. Се увезуваше пченица, јачмен, шеќер, масло, млеко и што не. Овој увоз за жал го има и денес и е на штета на земјоделците. Се увезува сирење, за да се продаде се затвораат локациите за продажба на домашното сирење на зелените пазари со мотивација дека има бруцелоза во таа и таа општина. Оваа мерка стигна и во Битола. До кога ќе трае не се знае. Сигурно пазарот во Битола на овој план ќе мора да биде и присилно отворен. Натаму се увезува масло за јадење, а сончогледот полека, полека го нема од нашите ораници и сигурно по година, две ќе биде само како култура што ќе се сади во некои паркови. Имаме доста млекари, сите ни работат горе-долу добро. Меѓутоа некои со природно, а некои со вештачко млеко.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (Продолжение)

До кога млекото во прах ќе го загрозува домашното производство на млеко. Ако не запре оваа игра и нестигнат подобри цени за млекото многу мини фарми ќе одат на кланица.

Увозот на јајцата, малку да се потсетиме при огромно домашно производство се случи исто така во 1995 година и им заврши работа на многу живинарски фами во нашава држава. Во Битола се затвори една од одјдобрите и најголемите фарми во Македонија. Тоа е живинарската фарма "Јонче Георгиевски" од село Дихово, а не помина подобро ни фармата што работеше во состав на Комбинатот "Пелагонија" со седиште во Битола

И овој увоз остана без одговорност. Во 1995 година во екот на жетвата се увезуваше пченица. Да, господо, се увезуваше пченица. Амбарите се полнеа со увозна пченица, а за домашната пченица немаше сместувачки простор. Цената што беше гарантирана од државата се сруши . Се купуваше по 7, 8 денари. Зошто се увезуваше пченица, горе доле и врапците знаат. Цената на пченицата од Србија беше околу 5 денари, а кај нас се продаваше по 10 денари. Господо, се прашувам, кој ги даваше во 1995 година дозволите за увоз ( реакција на некои од пратениците во салата).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте, Ве молам, од место.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Не ги даваше Министерството за стопанство, господине. Не ги даваше месната заедница од Кравари или Новаци, туку ги даваше Министерството за стопанство. Значи, некои, со овој увоз на пченица

добро заработија а нашиве земјоделци ги оставивме парите од своето производство да ги добијат дури во почетокот на 1996 година.

На крајот ќе завршам дека одговорноста што ќе биде утврдена денес треба да преставува една гаранција за нашите земјоделци дека во иднина увозот на земјоделски производи ќе биде под поголема контрола на државата со што ќе се штити домашното производство. Инаку, ако се продолжи вака тешко ќе биде на нашиве земјоделци.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Најдовски, реплика.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, со оглед на тоа што бев директно нападнат дека не ја осудувам постапката , секој човек, па и секој пратеник има право и својствен начин на извезување. Јас мислам дека, барем јас сум така убеден, дека со сето она што досега го кажав по однос на ова прашаше, токму ја осудував оваа постапка и сметам, барем ја за себе така сметам дека единствено од овие што досега дискутираа барав да се открие виновникот. А, другите , однапред го имаа откриено виновникот , си го имаа зацртано, па ќе пукаат од сите страни. Тоа е прво прашање.

Второ прашање, мислам поврзано тесно со тоа дека не ја осудувам постапката, има една друга разлика. За разлика од оние кои што кукаат и плачат над проблемите еве и на селаните мојот пристап е малку поинаков, јас да предлагам начин за разрешување на тие мерки и на проблемите кои што тие ги имаат. Ќе ви докажам конкретно.

За сите овие проблеми за кои што досега разговаравте за земјоделците, овој парламент нема ни најмала надлежност. За сите овие работи се во надлежност на Владата на Република Македонија. Со кукање над проблемите на земјоделците не се решаваат проблемите , туку се решаваат со креваше на рака кога ќе дојде за одлука на некој закон. Јас ќе Ве потсетам, можете да плачете колку сакате над проблемите на земјоделците, но сите вие од оваа страна кренавте рака за укинување на премиите на земјоделските производи , со тоа што го укинавте законот за поттикнување на развојот на земјоделието и тој го дадовте во надлежност на Владата на РМ. Откако го укинавте тој закон па до ден денес веќе немаме ниеден производ со премија, па сега можеме да кажеме кои се залага за проблемите или не. Јас реков уште еднаш можеме овде да плачеме и да кукаме и се, а кога ќе дојдеме на клупите да кренеме рака за поддршка на Владата која што го донесе земјоделието во овие рамки.

Благодарам.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Јас не сакам да реплицирам со Слободан околу тоа дали тој го осуди ова зло на земјоделците или не, меѓутоа сакам да кажам некои работи околу неговиот, сега, последен настап, кога рече дека оваа страна од парламентот влијае на сегашната состојба во аграрот и дека ние овде плачеме бадијала но се се носи на друго место.

Точно е господо дека премиите за пченица и сончоглед и други култури се укинати, меѓутоа дали се сеќавате кои ги укина овие премии, кој во 1995 година беше министер за земјоделство? Министер за земјоделство во таа година беше г-динот од претставниците што седат од оваа страна на парламентот, ѓ-динот Иван Анѓелов.

А, зошто ги укина премиите? Ангелов, не знаеме, не беше виновен. Меѓутоа, да се надеваме дека со новиот година ќе имаме премии за овие култури.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Слободан Најдовски, реплика.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Мене доволно ме служи памтењето и еве за јавноста точно нека се најде дека законот за измена на Законот за поттикнување на развојот на земјоделието е донесен кога министер беше г-динот Паракеов. Јас од оваа говорница тоа го тврдам. Можеме да зборуваме како сакаме пред оваа говорница но пред фактите нема бегање. Законот за укинување на премиите односно тогаш за преминување на нивна надлежност од законско уредување во надлежност на Владата беше донесен кога дојде аз министер г-динот Паракеов. За тоа можеме да се спориме и пред јавноста и насекаде.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, држете се до точката на дневниот ред. И, ако продолжиме вака да докажуваме чии збор ќе биде последен, не знам кога ќе за- вршиме.

Г-дин Наќе Стојановски деловничка интервенција.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

сигурно и тој министер до

Господа пратеници, господине претседателе, во тек е седумдесеттата седница и се работи понеја, согласно Деловникот , а исто така имаме материјали кои што се исто така предлагаат и покана дека по завршувањето на седумдесеттата седница треба да почне со работа 71-та седница, за која е предложен дневен ред.

VI/5.-

Во предлогот на дневниот ред за 71-та седница по точка 2 е предложен и Предлог за донесување на закон за употреба на знамињата преку кои припадниците на националностите во РМ ќе го изразуваат својот идентитет и националните особености, со Предлог на закон.

Бидејќи седницата не е почната и бидејќи не е утврден дневниот ред на таа седница во текот на работата на 70-тава седница добиваме материјали како на пример , материјал од Советот на општина Зајас доставен во архивата на Собранието во 13,о5 минути кои пред малку е доставен на пратениците во форма на амандмани. Материјал од Советот на општината од Осломеј во форма на амандмани на претходно именуваниот закон амандман I, II, III и така натаму. Достава на амандмани од градоначалник кот на општина Гостивар Руфи Османи на истиот закон, амандман I,II,III и така натаму каде што амандманите се од општина Гостивар општина Србинова општина Осломеј, општина Лабуниште, општина Велеште, општина Неготино, општина Зајас, општина Чегране, Вруток, општина Боговиње.

Истовремено од општина Шипковица во форма на заклучок од Советот на општината, во форма на амандмани I,II,III исто така имаме достава до пратениците на ова Собрание.

Од Стопанската комора на Македонија до г-динот Тито Петковски, претседател на Собрание на РМ - Скопје имаме мислење во однос на законот Предлог законот за донесување на закон за измени и дополнување на Закот за финансиско работење, кој е исто така предложен на оваа седница. Лично сметам дека на тој начин се нарушува Деловникот што се доставуваа амандмани до ова Собрание од неовластени предлагачи на закон кој не е утврден на дневниот ред на ова Собрание. Или доколку смета претседателот на Собрание дека е во согласност со Деловникот ваквото обраќање на подделни субјекти надвор од Собранието и во оваа форма тогаш со пропратно писмо од претседателот на Собранието треба да ни се достават во форма на мислење за лично информирање на Собранието, односно пратениците, а не во форма на амандмани.

Во таа смисла протестирам и мислам ваквите амандмани да се повлечат од оваа процедура што се доставени и со накнадно образложение на претседателот на Собрание во писмена форма се достават во форма на мислење за информирање на пратениците или на Собранието.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа кога мене дома приватно ќе ми се обратат , така ќе се однесувам. А, бидејќи Ви се обраќаат како на претседател на Собранието јас се што е до Собранието ќе го доставам до Собранието. Ако е адреси- рано до претседателот на Собранието, јас ќе го доставам до пратениците кои што го сочинуваат Собранието. А, дали амандманот е во ред или не е и дали ќе влезе во процедура за тоа одлучува Собранието.

Деловнички мора до крај да се почитува одредбата кој може да поднесува амандмани. Според тоа сигурно дека амандман од Шипковица или од друга општина не може да биде поднесен пред Собранието, меѓутоа Вие како информација од таа општина Вие го имате како пратеници.

Според тоа, интервенцијата не ја прифаќам.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Видете вака, образложението Ви е да речам, пола во ред, вака, но не можете заклучокот да не Ви е во ред. Ако прифаќате дека не може до крај да се почитува Деловникот и дека не може да се доставуваат од неовластени органи, лица и т.н. амандмани во Собранието и тоа за седница за која не е веќе почната, Ве молам и тоа имајте го во вид, што е точна констатација и тука се слагаме и јас и Вие. Но, не е во ред работата дека се што ќе стигне до Вас треба Вие да го доставите овде.

Вие можете да го доставите но само во форма на мислење. И треба во тој дел ова да го корегирате. Ве молам, Ние не ги имаме во вид сите одредби од Деловникот, овде, пратениците, за секоја седница и некои пратеници во брдото материјали сметаат дека се тоа навистина амандмани поднесени од овластени предлагачи и со сериозност почнаа откога ги добивме да се консултираат меѓу себе, дали амандманите се во ред, кореспондираат со одредени други и т.н. Јас мислам дека не би требало:да се создава таква забуна, а не знам од каде е тој Ваш отпор тоа да го корегираме и го разјасниме како што го разјаснувате усно, тоа писмено да го доставите, дека следните материјали што се доставени до Собранието се доставуваат на информирање до пратениците, а не во форма на амандмани.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас навистина ова интервенција можам да ја прифатам само тогаш кога ќе ставам на гласање амандман од неовластен предлагач. Само тогаш можам да прифатам ваква интервенција и никако поинаку.

Има збор г-дин Павлов.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас мислам извештајот на Анкетната комисија во врска со откупот на раноградинарски култури за 1995 и 1996 година гледано од дистана 1995-1997 година можеби и не е толку интересен, меѓутоа ако се потсетиме на времето кога беше овој упад, ова беше трагедија и може не толку битно дали ние плачеме или не плачеме над судбината на земјоделците, но во тој момент навистина плачеа земјоделците затоа што раноградинарските култури конкретно доматите и краставиците или се распаднаа на нивите или отидоа во капацитетите за обработка на покасни култури кои воопшто имајќи го предвид целокупниот трошок за

овие производи тоа беше навистина една многу лоша работа и мислам дека оваа проблематика ние неколку пати како пратенички прашања ја поставувавме и се разговараше на некој начин можеби ќе има ефект поставувањето на ова прашање од аспект на превентива во смисла на тоа дека тоа не смее да се случува во иднина, не да се поставуваме сега во услови на пожарникари , да гасиме пожар кога ќе се појави пожарот, туку да правиме максимални напори да не се појавува пожарот. Утре можеби нешто слично ќе се појави во некоја друга област.

Заради тоа сметам дека воопшто не би требало во извештајот на Анкетната комисија да се користат некои маркетиншки истапи или излегувања во смисла на тоа како еве некој повеќе ги заштитува земјоделците, друг помалку, мислам дека воопшто не е и целта на Анкетната комисија ниту на нејзиниот извештај, можам само да Ве потсетам бидејќи доаѓам од тие краеви, знам каква беше ситуацијата 1995 и 1996 година, тогаш беше една трагична ситуација, сигурно најголемите штети ги претрпеаја самите земјоделци, а веројатно маслото го собраја три четири фирми, за жал фирми од Гевгелија, а на сите ни е јасно зошто сите чети^ дозволи беа дадени на фирмите од Гевгелија, а имајќи во предвид во тоа време кој ги даваше тие дозволи. Само толку.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, дали уште некој бара збор?

за крај г-дин Најдовски, ќе ве држиме за збор.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Јас , г-дине претседател, почитувани колеги, јас ви се извинувам, но не можам нешто да премолчам што цел товар после тоа ќе го

преземеме ние како пратеници, овде. Ако Вие се чувствувате спремни тој товар да го преземете, во ред, но јас не се чувствувам. Овде неколку пати беше упатено тоа Гевгелија, министерот, се .

Јас излегов овде со документи, кога веќе Вие имате такви тврдења, излезете барем со еден документ и јавноста да знае дека тој и тој човек е виновен за оваа и за оваа ситуација. Многу е болно, многу е лошо на човек да му се лепат етикети без аргументи, без документи. И овде се работи за конкретен случај каде што стојат документи. Вие неколку пати го употребивте зборот издадени дозволи. Па, и самите читате во извештајот дека за остане се издавале дозволи. Кај најдовте сега дека се даваат дозволи. Излезете барем со еден документ ако тоа што го тврдите е вистина.

Од тие причини јас предлагав овој извештај да го вратиме уште еднаш на Анкетната комисија и Анкетната комисија со сите тие документи да ги достави и да ни каже дека, да, навистина се виновни тие и тие луѓе, тие и тие институции. Но, сето тоа документирано , да не се сведуваме на паушални оценки.

Благодарам.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги, ние денеска сослушавме еден извештај поправо од г-динот Каров кој повеќе беше семинарски извештај за се што настанало околу увозот на доматите» и краставиците во Македонија. Јас повеќе научив за царината, за вагите отколку што требаше да научам кој е тој кој е одговорен околу овој увоз, кој како што рековме и знаеме го оштети македонското стопанство. Никој досега не рече дека Владата на РМ требаше во своите редови да си преземе

мерки да открие кое министерство, кој министер и кој службеник на оваа држа- ва и ое претпријатие нелегално увезеле домати и краставици и со тоа ја оштетиле македонската понуда на овие продукти.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ: (**продолжение)

Значи, Владата допушти Парламентар на една волонтерска комисија - не сакам да навредувам, меѓутоа извештајот беше таков, со "хвалоспеви" како што велат србите, односно со величење на царинската служба, со не знам кои уште аргументи, Владата го препушти испитувањето, даде на комисија да утврдува кој е виновен. Зошто не си го поставиме прашањето, зошто Владата тоа ;не го презела. Во сите држави во светот за секоја една ваква голема работа Владата презема односно премиерот на седница и точно расчистува кој е виновен во Министерството. Само во една држава во која не постои никаков ред, каде што не постои формална процедура на увоз и на извоз може да се случи, и сега парламентарците односно Комисијата "силом прилике" беше формирана на иницијатива на Либерално демократска партија почна да работи на тоа, а тоа беше работа на Владата, на премиерот, кој требаше да даде налог службите, Министерството за внатрешни работи и царинските служби да констатираат кој дал дозвола, кој увезол и кој направил се ова македонското производство да биде оштетено. Тоа прашање треба да си го поставиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Павлов.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Колеги, ние можеме да полемизираме до изутрина, меѓутоа, јас мислам дека на сите ни беше јасно - сега тоа е општ поим, Владата беше одговорна или не знам кој или државата Македонија беше одговорна. Се знае за оваа проблематика кое министерство е одговорно. За мене одговорно беше министерството за стопанство и мислам дека тука се јавија првите реперкусии. Во Извештајот стои дека е суспензирано или отстрането тоа и тоа лице од Министерството за стопанство заради тие и тие работи кои не биле вред. Мислам дека нема смисла да бегаме од одредена одговорноста, дали беше лева или десна страна,

VII/2

дали беше ова или она Министерство. Мислам дека за конкретниот случај Министерството за стопанство апсолутно беше направило такви пропусти кои се реперкуираа 1995 и 1996 година, врз грбот на земјоделците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Каров

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитувани колеги, Анкетната комисија е формирана од Собранието. Анкетната комисија изготвува и доставува извештај до Собранието. Дали имало или немало потреба Собранието донело одлука таа да се формира. Позицијата и надлежноста на анкетните комисии, согласно Уставот, е извештајот да го достават и изготват согласно надлежноста и извештајот да биде основа по која Собранието донесува заклучок за евентуално утврдена одговорност. Според нејзината надлежност анкетната комисија не може да утврдува истрага и одговорност по одредено прашање. Не случајно, констатираните состојби ги усогласува со надлежноста што ја има. Ако по одреден заклучок по Извештајот наодот на Комисијата како основа побуди интерес во натамошната истрага дали гевгелиските фирми биле во роднинска врска со некои или не биле, тоа е процедура што излегува после извештајот, после наодот. Не може Комисијата да констатира не знам што во истражна дејност. Комисијата констатира дека евидентирањето на стоки како реекспоретери на гевгелиски фирми е на востановен режим на надворешна - трговска размена, кој функционира како евидентирање во министерството за стопанство во 1993 до 1995 година во јуни, евиденцијата се врши во Министерството за стопанство. барање поднеле овие фирми, евидентирани се овие фирми и ништо повеќе во Извештајот.

Што презела Владата? Владата го разгледала прашањето по случајот. Имајќи го предвид регионалното или меѓусебното билатерално

наметнато, надвор од волјата на Републиката, режимот со северниот сосед, каде траат санкциите, таа констатирала постојниот режим на надворешно трговско работење со Југославија да продолжи така како што е востановен уште 1993 година, и по случајот со презела друго, евидентирањето заради овој случај го презела во Стопанската комора. Тоа е преземено.

Која е одговорноста на Владата?

Ние не можеме на индивидуален чин на постапка во процес на евидентирање да сноси одговорност Владата како целина или орган како целина. Обид за противправно дејство, било од лица вработени во фирми, било од лица вработени во државни органи постојано ќе биде присутен, меѓутоа, важно е тоа да не произлегува од регулативата, од поставеноста на системот. Инаку , при идеални законски решенија, кога надворешно трговската размена би се вршела и по одредбите на законот за надворешно - трговско работење, како што е за сите други земји, обид за противправно дејство ќе постои било кај фирми, било кај лица вработени кај државни органи. Она што и во извештајот кажавме дека Владата на Република Македонија, согледувајќи ги оценките за вкупната понуда на домашното раноградинорско производство не дозволила увоз во 1995 и 1996 година, на странски производи кои што се предмет на разгледување на анкетнава комисија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г.динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Во претходното излагање направив една грешка . Имено, реков дозволи, но тука не се работи за дозволи. Овој увоз на домати и патлиџани е илегално пренесен во оваа држава и тука требале институциите на државата да реагираат. Не да ги фалиме царинарниците дека се вакви или инакви. да ги фалиме "кога откриваат така големи контигенти кои се криумчарат преку границата. А се знае како доаѓа толку голема

количина да влезе преку граница. Сите знаеме. Значи, не постои документација, постои криминал, и преку тој криминал некој замижал. Јас нема да бидам толку директен па да инсинуирам дека тоа е полицијата, тоа е царината, тоа некој вице премиер заѕвонил на телефон на шефот на царината. Факт е дека таа стока е помината без документација. Во поткрепа на тоа ќе ви кажам нешто во врска со министерот Иванов.

Министерот Иванов 1996 година не; беше министер, а јас имам список кој е валиден и ќе ви кажам дека 1996 година кога тој не беше министер пак поминувала таа роба и поминувале фирми од Струмица, сега не од Гевгелија, кои увезувале и со тоа го ништеле македонското стопанство. Тогаш Влада треба да се замисли ако е тоа толку голем проблем, и премиерот да даде налог тие работи да се расчистат. Значи, се работи за чист криминал, без документација. Затоа ние не можеме да дојдеме до сознание кој е виновен , затоа што папири не постојат, односно хартии не постојат и постојат само влезени продукти, односно земјоделски производи и службите односно ресорите на министерствата замижале пред еден ваков криминал.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дајте да се држиме до точката, ве молам по трет пат.

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-дин Стојановски

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, очигледно дека овој законодавен дом не е на висина на својата поставеност и својата улога. Во спротивност, ние не би расправале за една работа која не е во наш делокруг на работење, толку време со префрлување на проблемите дали Анкетната комисијата ја извршила успешно својата задача или не.

Мислам дека честопати реагирам дека се нема осет во овој дом за она што значат актуелни состојби, она што е актуелно што ние тука се убедуваме да го актуализираме преку пратенички прашање, барање информации и сл. за да потоа после две години добиеме информација и материјал кој што има вредност. Но штетата е направена и помината е.

Денешната работа јас ја оценувам позитивно од неколку аспекти. Без оглед на сето она што ни значи, можеби на некого и здодевност, но пред се чувството дека во овој Парламент треба да се расправа и за овие теми, честопати и непријатни, веројатно ние наскоро ќе мораме да расправаме за штетите од нереализираниот пласман на јаболка во оваа година што минува . Сигурно ќе мора и тоа да го разгледуваме, затоа што и тука се направени штети. Веројатно ако се нема осет ќе настанат штети и во пласманот на оризот и н. Ова е само еден дел од она што значи обврски како пратеници, наши обврски кон избирачите и наша спрега со она што значи избирачка база. Честопати сите овие работи ги апстрахираме, минимизираме и се претвораме тука во нешто високо , дека ние донесуваме важни законски проекти и дека сето друго е онака тек - тук , кога некој регион ќе се вжешти или ќе има огромни проблеми па да мораме да ги актуелизираме.

Втората вредност на денешната расправа ја гледам во тоа што сепак Владата, извршната власт мораат да имаат еден осет дека вистината кога тогаш ќе мора да дојде на виделина, макар и со извесно задоцнување, макар и со настанати штети, без оглед дали се на тие позиции сега или дали ќе бидат и утре. Тоа е мислам една поука која од денешната расправа треба да биде многу корисна.

На крајот на краиштата, ние во државата немаме некои големи ресурси, немаме многу ресурси за да не изненади ваквата или слични работи. Имаме неколку карактеристични, традиционални за нас, со

извонреден квалитет во одредени подрачја и одредени временски периоди. Мислам дека добро е што на оваа седница присуствува и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и верувам дека, познавајќи го и него лично и неговото работно искуство, ќе извлече поуки дека ќе треба правовремено да се реагира по вакви и слични настани, да не ни се случи, како што мене ми се случи, оној пат кога дискутирав за пласманот на јаболката, одејќи од говорницата еден од министрите да ми дофрли - па, бомбај, каде си видел Влада да продава јаболка. А јас, како што ме дал господ, возвратив - не сум видел, веројатно Влада треба да купува овци - мислев на Нов Зеланд.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Како што знаете, пратеничката група на Либерално- демократската партија поднесе Предлог на заклучок, кој ви е поделен.

Кој е за предлог заклучокот, поднесен од пратеничката група на ЛДП, молам да крене рака?

14 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

47 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

Двајца пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Предлогот на заклучокот, поднесен од пратеничката група на ЛДП не е усвоен.

Врз основа на расправата од седницата, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

VII/7

1. Собранието на РМ го усвојува Извештајот на Анкетната комисија за утврдување на одговорноста за увоз на домати и краставици во РМ во текот на 1995 -1996 година.

2. Овој Заклучок, заедно со Извештајот на Анкетната комисија и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието, да се достави до Владата на РМ, Министерството за стопанство, Министерството за надворешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Царинската управа на Македонија и Сто- панската комора на Македонија.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака.

48 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

11 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласаше?

Двајца пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок

Преминуваме на Дваесет и петата точка - Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за изготвување Предлог за именување индивидуален работоводен орган на Економскиот факултет во Прилеп.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Стојановски

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, јас сакам да изнесам свое мислење и став во однос на предлогот за именување на членови за именување индивидуален работоводен орган на Економскиот факултет во Прилеп.

Предлогот за Бранирод Михајловски можам да го прифатам од повеќе причини. Пред се, овој факултет е членка на Универзитетот Св. Климент Охридски во Битола, со соодветно даречам или потребно високо образование. Меѓутоа, не можам да се согласам со предлогот вториот член да биде Ристо Јаневски. По некоја коинциденција и двајцата партиски челници на СДСМ. Дали ние сега ќе правиме таму партиски кворум. Непријатна работа. Ако веќе ги именувавме сите структури во основните и средните училишта, колеги пратеници, нема смисла да го понижуваме Економскиот факултет со еден ваков предлог. Човек со више образование треба да одлучува на тој факултет, челник на СДСМ во Тетово , јас мислам дека предлогот за кандидатот Ристо Јаневски треба да го повлечете, а давам поддршка за кандидатот Бранирод Михајловски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Џаферовски, претседател на Комисијата за избор и именуваше.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, интервенцијата на г-динот Стојановски мислам дека не е вред и не е коректно од негова страна. Македонија нема да ја делиме ние на ваква или онаква. Ова е Македонија и единствена земја и на сите граѓани во оваа држава име е достапно секое место кое ќе биде делегирано од страна на ова Собрание. Мислам дека г-динот Стојановски, мислев, кога излезе ќе се заблагодари што еден човек од Тетово е предложен како член за изготвување на предлог за декан на Економскиот факултет во Прилеп, а дека ќе се спротивстави на ваквиот предлог. Мислам дека не е вред и не е коректно од негова страна и барам да стане да се извини во врска со ова и да не ги навредува луѓето кои не се присутни во оваа сала. Тетово ако мисли дека е во Пенсилванија, тогаш можеме да  разговараме, но

Тетово е во Македонија и нема никаква причина да не може од Тетово некој да биде делегиран како член на било каква комисија. Колку што знам, во Тетово нема универзитет и децата од Тетово се запишуваат во Битола и во Прилеп и во Скопје.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика - г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сега јас да се извинам што ги следам сите документи што ги добиваме , што ги читам биографиите, што ги познавам луѓето. Ние сме мала држава. Јас никаде не реков, г-дине Џафери, дека Тетово не е во Македонија. Јас ќе бев среќен ако вие од 185 иљади на општина Тетово предложевте тетовчанец, но не претседателот на вашата партија на Тетово и не со више образование. Што има да се извинуваме, тоа е факт. Јас имам факултет, вие имате факултет, некој има средно образование, некој е доктор на науки тука меѓу нас. Некој е магистер, некој е специјалист. Тоа е вистината, нема што да ја криеме вистината. Мислам дека не е пријатно, двајцата членови се и двајцата челници на СДСМ , едниот во Битола , другиот во Тетово. Јас дури бев многу коректен, реков можам да го прифатам едниот предлог, тоа што одговара, не заради географската припадност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

53 пратеници гласаа за .

Дали има некој против?

Еден пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање?

12 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именување членови на Посебната комисија за изготвување Предлог за именување за индивидуален работоводен орган на Економскиот факултет во Прилеп.

Преминуваме на - Дваесет и шестата точка - Предлог на одлука за именување членови на Посебната Комисија за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот .

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

67 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на посебната Комисија за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Природно -математичкиот факултет во Скопје.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Предлагам пауза за ручек до 15,00 часот, а потоа да продолжиме со Седумдесет и првата седница, во 15,00 часот да продолжиме за да можат да дојдат министрите и Владата во меѓувреме.

(седницата заврши во 14,20 часот)